**Известување за концентрација со која ВДЛ Бус и Цоацх Холдинг Б.В. Холандија ќе стекне контрола над средства кои припаѓаат на Иммороц НВ, Белгија и Ван Хоол НВ, Белгија (предмет бр. 08-83/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 02.05.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која ВДЛ Бус и Цоацх Холдинг Б.В. (VDL Bus & Coach Holding B.V.), со регистрирано седиште на Хоевенвег 1, 5652 АВВ Ајндховен, Холандија. ќе стекне контрола над одредени удели и средства кои припаѓаат на Иммороц НВ (Immoroc NV), со регистрирано седиште на Бернард Ван Хоолстраат 61, 2500 Лиер, Белгија, Ван Хоол НВ (Van Hool NV), со регистрирано седиште на Бернард Ван Хоолстраат 58, 2500 Лиер, Белгија, и нивни поврзани друштва, преку стекнување на удел и средства.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

**ВДЛ Бус и Цоацх Холдинг Б.В.** е друштво за посебна намена основано од ВДЛ Гроеп Б.В. (VDL Groep B.V.), крајното владејачко друштво на ВДЛ групата на друштва („ВДЛ Група").

ВДЛ Групата развива и произведува голем број на индустриски производи, од делови до напредни готови производи, со преку 16.000 вработени во 19 држави. Групата опфаќа повеќе од 100 друштва кои соработуваат блиску, секој со своја специјалност.

Дивизијата за автобуси и туристички автобуси (*coach*) се состои од туристички автобуси, автобуси за јавен превоз, модули за шасии, половни автобуси и мини & миди автобуси. Секторот за готови производи е обемен: системи за суспензија за автомобилската индустрија, системи за автоматизација на производството, системи за греење, ладење и воздушно-технички системи, системи за нафтената, гасната и петрохемиската индустрија, сончеви и кровни кутии, опрема за управување со контејнери, системи за земјоделскиот сектор, машини за правење пури и пакување, производствени системи за оптички медиуми и медицински системи.

ВДЛ Групата нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија и има реализирано само маргинална продажба на македонскиот пазар во претходните години.

**Иммороц НВ, Ван Хоол НВ** и нивните поврзани друштва во понатамошниот текст ќе биде заедно означени како „Ван Хоол Група. Ван Хоол Групата дизајнира, произведува и продава туристички автобуси (*coach*), возила за јавен превоз и индустриски возила за светскиот пазар и обезбедува разни услуги за ваквите возила.

Поголемиот дел од автобусите, туристичките автобуси и индустриските возила се целосно направени од Ван Хоол, со главни компоненти како што се мотори, оски, менувачи, тракциони батерии, погонски линии добиени од Cummins, Accelera (поранешен Siemens), DAF, CATL, ZF, Knorr Bremse, Kiepe Electric и др. Дел од производството вклучува правење на тела на автобуси и туристички автобуси на посебни автобуски шасии од производители како Scania.

Ван Хоол Групата има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку зависното друштво - Друштво за производство, трговија и услуги ВАН ХООЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден, со регистрирано седиште на ул. 102, блок 16/ТИРЗ, Бунарџик, Скопје, Република Северна Македонија и со регистрирана приоритетна дејност – производство на моторни возила.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантни пазари за предметната концентрација би можеле да се дефинираат ***пазар за градски автобуси***, ***пазар за меѓуградски автобуси*** и ***пазар за туристички автобуси***.

Што се однесува до географскиот опсег на пазарот релевантен за концентрацијата, Подносителот смета дека релевантниот географски пазар би можел да се дефинира најмалку на ниво на ЕЕО.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

10.05.2024 година
Скопје